Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна здравствена установа
Institucioni shëndetësor publik
Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија-Скопје
Klinika universitare për kirurgji torakale dhe vaskulare-Shkup
Бр.-Nr. 03-1110/2 15.12.2025 год.-viti
Скопје/Shkup

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/2019 и 14/2020,215/21,99/22 и 208/24), Директорот на ЈЗУ Универзитетска Клиника за торакална и васкуларна хирургија донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидати по јавен оглас за вработување на административен службеник

1. За извршител на работно место ЗДР0102В04011 Помлад соработник за наплати и фактурирање се избира кандидатот **Мишела Камчева.**
2. Именуваната од точка 1 на оваа одлука ќе биде вработена на работно место по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за работа.
3. Оваа Одлука се доставува до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О б р а з л о ж е н и е

По барање на ЈЗУ УК за торакална и васкуларна хирургија, Агенцијата за администрација објави јавен оглас бр. 806/2025 на веб страната и во дневните весници „Вечер„, Koha„ и „ Нова Македонија„ на 19.07.2025 година за вработување на 1 (еден) административен службеник во ЈЗУ Универзитетска Клиника за торакална и васкуларна хирургија Скопје на работно место ЗДР0102В04011 Помлад соработник за наплати и фактурирање, Сектор за правни, администртивно,технички и финансиски работи.

Со решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас на Агенцијата за администрација бр.10-1912/3 од 05.08.2025 година, формирана е комисија која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник по јавниот оглас.
Комисија за селекција на ден 08.08.2025 година во 12:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за оглас број 806/2025 година, при што утврди дека за работното место ЗДР0102В04011 Помлад соработник за наплати и фактурирање се пријавиле вкупно 11 кандидати од кои 4 уредни кандидати и 7 неуредни кандидати од кои во втората фаза продолжиле 4(четири) од пријавените кандидати.
Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас спроведе постапка за полагање испит, проверка на веродостојноста на доказите и одржа интервју со кандидатите.

Согласно добиените бодови од административната селекција, спроведениот испит за административен службеник и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-1912/11 од 05.12.2025.

Врз основа на горенаведениот Записник и Предлог за вработување на кандидат со најголем број на освоени бодови Директорот го избра кандидатот **Мишела Камчева** .

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:

- Агенција за администрација
- Кандидатот
- Архива на ЈЗУ Униивeрзитетска Клиника за торакална и васкуларна хирургија, Скопје

Директор

Др.Игорче Циковски